РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ЛОЗОВО
СОВЕТ НА ОПШТИНАТА

| Примено: | 29.12.2021 год. | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 0801 | 2368/1 | | |

Врз основа на член 5 од Законот за пожарникарство („Сл. Весник на РМ“ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15 и 39/16) член 2 од Законот за управување со кризи („Сл. Весник на РМ“ бр.29/05, 36/11, 41/14, 104/15 и 39/16, член 4, став 2 од Законот за заштита и спасување („Сл. Весник на РМ“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 106/16 и член 21 од Статутот на Општина Лозово (Сл. Гласник бр.05/02, 29/14 и 73/17) Советот на Општина Лозово на седницата одржана на ден 24.12.2021год. донесе:

## ПРОГРАМА
## ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ЛОЗОВО ВО ОБЛАСТА НА ЗАШТИТАТА И СПАСУВАЊЕТО, ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА И СПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ ВО 2022 ГОДИНА

Архивски знак: 0801
Рок на чување: трајно год.
24.12. 2021 год.
Потпис

### 1. Вовед:

Со оваа програма се остваруваат заедничките интереси и активности во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и справувањето со кризи, кои претставуваат активности од јавен интерес. Системот за заштита и спасување во Република Северна Македонија согласно со Законот за заштита и спасување, Општина Лозово ќе го остварува преку:

- набљудување, откривање, следење и проучување на можните опасности од природните непогоди, епидемии, епизоотии и други несреќи;
- ублажување и спречување на настанување на можните опасности;
- известување и предупредување за можните опасности и давање упатства за заштита, спасување и помош;
- едукација и оспособување за заштита, спасување и помош;
- организирање на силите за заштита и спасување и воспоставување и одржување на другите форми на подготвеност за заштита, спасување и помош;
- самозаштита, самопомош и заемна помош;
- мобилизација и активирање на силите и средствата за заштита и спасување;
- одредување и изведување на заштитените мерки;
- спасување и помош;
- отстранување на последиците од природните непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи, до обезбедување на основните услови за живот;
- надзор на спроведувањето на заштитата и спасувањето;
- давање помош на подрачјата кои претрпеле штети од поголеми размери од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи;

- давање помош на други држави кои претрпеле штети од поголеми размери од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи.

Според законските одредби Општина Лозово овие активности ќе ги остварува преку:

- Општинскиот штаб за заштита и спасување;
- Просторните сили за заштита и спасување;
- Републички центар за управување со кризи (РЦУК);
- Дирекција за Заштита и спасување (ДЗС);
- Територијална противпожарна единица од Св. Николе (ТППЕ – Св. Николе);
- Доброволно противпожарно друштво.

**2. Цели**

Основни цели на Програмата за активностите на Општина Лозово во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и справувањето со кризи се:

- заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, пожари во населени места, во шуми, отворени простории, поплави и др.
- заштита и спасување на животната средина, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природните непогоди и други несреќи;
- создавање на услови и можности за организирано остварување и реализација на заштитата на луѓето и материјалните добра – обезбедување на навремено истакнување на опасноста, благовремено откривање и елиминирање на причините за настанување на пожарот и други видови на непогоди;
- обезбедување на услови и можности за соодвета организација, опременост и координација на силите за заштита и спасување, справување со кризи и противпожарна заштита.

**3. Активности**

За реализација и остварување на оваа Програма, активностите на Општината и Советот ќе бидат насочени кон создавање на максимални услози за реализирање на програмските определби во доменот на противпожарната заштита и спасување како и заштита и спасување во услови на разни видови непогоди, кризни појави и други несреќи во мир.

Општина Лозово нема организирано постојана противпожарна служба која ќе делува на својата територија, поради тоа, е покриена од ТППЕ од Св. Николе.

Во оваа насока, општината ќе соработува со Доброволното противпожарно

друштво, кои ќе работат на повик и ќе бидат ангажирани на територијата на цела Општина Лозово, и други граѓани кои ќе пријават интерес за оваа дејност.

Со програмата е предвидено организирање на обуки на Доброволното противпожарно друштво спроведени од ТППЕ – Св. Николе или други субјекти, од лица обучено да делува во спречување на пожари и активно да учествива при гасење на пожари.

**4. Конкретни програмски активности**

- Доброволното противпожарно друштво ќе дејствува правовремено при спречување на појава на почетни пожари на отворен простор и во шума се до пристигнувањето на местото зафатено со пожар на надлежните органи;
- постојано ќе учествува како испомош на ТППЕ – Св. Николе, и ќе биде под негова надлежност на подрачјето зафатено со пожар;
- постојано ќе соработува со други субјекти надлежни органи и тела (ЦУК и ДЗС);
- учествува во справување со други ризици и непогоди на територијата на Општина Лозово.

**5. Финансирање**

Финансирањето на активностите од областа на заштитата и спасувањето, справувањето со кризни состојби и дејствувањето на доброволното противпожарно друштво, утврдени според оваа Програма ќе бидат реализирани од:

- средства од буџетот на Општина Лозово;
- наплатени премии од осигурување на имот од пожари – наплатени премии од осигурување на моторни возила;
- средства од наплатени парични казни за сторени прекршоци од областа на заштитата од пожари и експлозии.

За набавка на заштитна опрема ќе се одвојат средства во висина од 30.000 денари.

**6. Завршни одредби**

За спроведувањето на оваа програма се грижи Градоначалникот на Општина Лозово.

Општина Лозово во соработка со Општинскиот штаб за заштита и спасување, Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи и други надлежни органи и тела, ќе го следат спроведувањето на оваа Програма и активно ќе учествуваат во нејзината реализација, како и во покренувањето на иницијативи, давање на мислења и поднесување на предлози

во врска со остварувањето на програмските цели и активности.

Оваа програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Лозово“.

Дата: 24.12.2021 год
Изготвил: Љупчо Димитров

Совет на Општина Лозово
Најстар член на совет
Владе Миланов